Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОДНИТЕ ЗАЕДНИЦИ**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за водните заедници,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 1 ноември 2005 година.

Бр. 07-4046/1
1 ноември 2005 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОДНИТЕ ЗАЕДНИЦИ

Член 1

Во Законот за водните заедници (СCлужбен весник на Република Македонијам број 51/2003) во членот 17 став 1 зборовите: Срегистарот на водните заедници (во натамошниот текст: регистар), што го води основниот суд на чие подрачје се наоѓа седиштето на заедницатам се заменуваат со зборовите: Срегистарот на други правни лица (во натамошниот текст: регистар), што го води Централниот регистар на Република Македонијам.

Ставовите 2, 3 и 4 се бришат.

Член 2

Членот 19 се брише.

Член 3

Во членот 20 зборовите: Снадлежниот судм се заменуваат со зборовите: СЦентралниот регистар на Република Македонијам.

Член 4

Во членот 22 зборовите: "во ССлужбен весник на Република Македонијам" се заменуваат со зборовите: Сна веб страницата на Централниот регистар на Република Македонијам.

Член 5

Членот 23 се брише.



www.pravdiko.com

Член 6

Членот 24 се брише.

Член 7

Во членот 74 став 1 зборовите: Срегистарот на водните заедницим се заменуваат со зборот Срегистаротм.

Член 8

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ССлужбен весник на Република Македонија м, а ќе се применува од 30 септември 2006 година.



www.pravdiko.com